ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ДЕБАР / ORGANIZATA KOMUNALE DIBËR

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –ОПШТНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ДЕБАР

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА**
**ЦЕНТАР ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ЗА СТАРИ ЛИЦА СО АКТИВНО СТАРЕЕЊЕ**

Дебар 2023

1. **Краток опис на социјалната услуга во однос на Социјалниот план и годишната програма за социјалната заштита на општина Центар Жупа**

Популацијата во светот се повеќе старее, а и Северна Македонија не е исклучок. Оттаму, неопходно програмите во локалните заедници да се адаптираат на потребите на старите лица и да им овозможат да живеат здрав, активен и независен живот.

Проблемите на старите лица во општина Центар Жупа се присутни повеќе години наназад, старото население во општината Центар Жупа е се повеќе е присутно, а со тоа се зголемуваат потребите за посеопфатна грижа за оваа категорија лица т.е старите лица. Во општината како рурална средина, типичен е феноменот на регионално стареење на населението кое се должи на масовното иселување на младите во западно европските земји.

Ваквата состојба со старото население налагаше креирање на програми во локалната заедница кои ќе се адаптираат токму кон потребите на оваа категорија на лица со цел да им се овозможи да живеат здрав, активен и независен живот. Сите овие потреби беа предвидени во социјален план на општината и во програмата за развој на социјалната заштита на ниво на општина Центар Жупа, а врз основа на мапирање на социјалниот простор и најприсутните ризици на оваа територија.

Од направеното мапирање на социјалниот простор во кое беа вклучени локалната самоуправа, преставници на клучните институции , организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на општина Центар Жупа, произлезе дека најризична, најранлива и со најголеми потреби е категоријата на стари лица или поточно старото население од општина Центар Жупа. Поради фактот што старите лица најчесто живееат сами, а нивните деца доаѓаат само еднаш до двапати годишно, се наметнува проблемот со осаменоста на старите и се наметнува потребата за отварање на центар за дневен престој со активно стареење, кој ќе работи на програма за едукација, рекреација и социјализација со цел да се одржи менталното и физичкото здравје на старите лица и тие да останат социјално вклучени и активни.

Социјалната услуга центар за дневен престој за стари лица со активно стареење е предвидена како најприоритетна услуга во општината, заедно со услугата помош и нега во домот која веќе се спроведува втора година. Со отварањето на овој центар ќе се овозможи дел од оваа популација која според Здружение на пензионерски клуб ,,Стогово 2015" изнесува бројка од околу 400 пензионери-стари лица, да го најде своето место каде ќе може да се чувствува исполнето и корисно.

## 2. Усогласеност на услугата со законската регулатива, статутот на организацијата

Министерство за труд и социјална политика, од секогаш поставувало приоритети кои се насочени кон подобрувањето на квалитетот на животот на старите лица. Оттука оваа социјална услуга е дел од социјалната реформа чија цел е креирање на услуги во локалните средини кои ќе одговорат на потребите на корисниците.

Социјалната услуга која е наменета за лицата од третата доба-старите лица, всушност преставува превенција на потребата од вонсемејна заштита, а ќе е достапна преку овој Дневен центар, а финансирана од Проектот за подобрување на социјалните услуги, што го спроведува Министерството за труд и социјална политика со поддршка од Светска банка, и е дел од сеопфатната социјална реформа во земјава.

Со оваа услуга ќе бидат опфатени од минимум 24 до максимум 50 стари лица од општината Центар Жупа и тоа стари лица кои се останати сами со своите сопруги/зи и немаат ќерки или синови во Р.С.Македонија, стари лица од сите рурални населени места од општината т.е сите претежно стари лица без разлика на полот, подвижни стари лица кои имаат потреба од социјализација и можност и желба за активно стареење и нивната здравствена состојба дозволува да бидат активни чинители во општеството. Предност за користење на оваа услуга ќе имаат лицата кои живеат сами или со својот брачен другар лица со исклучително намалена или воопшто немање социјализација и комуникација со други лица, активни и витални стари лица итн.

Исто така, особено значаен аспект за нас е родовата еднаквост која значи обезбедување услови за поддршка на жените, со акцент на жените од ранливи категории. Преку оваа услуга за првпат жените од оваа општина над 65 години ќе можат секојдневно да го посетуваат Центарот, да се дружат со своите врснички, да организираат одредени социјални активности, а во текот на посетата ќе добиваат асистенција од стручните лица кои ги спроведуваат активностите.

Според Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој , според член 7 услугата за дневен престој за стари лица, покрај работите од член 4 од овој правилник може да обезбеди помош за социјално зајакнување на старите лица и подобрување на социјалните и културните стандарди на живот и начин на живот со кои се овозможува активно стареење во зависност од потребите на корисниците а во конкретниов случај за старите лица односно лицата во трета доба кои повеќето од нив живеат сами. Согласно мапирањето, можностите и изразената заинтересираност на старите лица во општината се донесе одлука за отворање на центар за дневен престој на стари лица со активно стареење.

Оваа услуга е усогласена и е во согласност со статутот на давателот на услугата Црвен Крст според кој статут, Црвениот крст на Република Северна Македонија (а во рамките на тоа и Општинската организација Дебар е хуманитарна, доброволна, непристрасна, неутрална, универзална и независна организација на граѓаните. Општинската организација на Црвен крст Дебар дејствува и работи како непрофитна, самостојна и автономна организација и има помошна улога на властите во единиците на локалната самоуправа.

Во суштина согласно Законот, Правилникот и Статутот, целта на давањето на услугата ќе биде насочена кон целосна поддршка и исполнување на потребите на старите лица кои имаат потреба од оваа услуга со цел да се подобри и одржува квалитетот на живот и ќе се направи превенција од вонсемејна заштита.

**3. Опис и бројот на корисниците за кои е наменета социјалната услуга.**

Не сите стари лица т.е. лица во трето доба од општината Центар Жупа ќе се идентификуваат како можни корисници на оваа услуга.

Оваа категорија на стари лица ќе бидат стари лица кои имаат свои специфики и потспецифики согласно потребите односно степенот на ранливост. Преку оваа социјална услуга ќе се таргетираат подвижни стари лица кои имаат потреба од социјализација и можност и желба за активно стареење и нивната здравствена состојба дозволува да бидат активни чинители во општеството. Предност за користење на оваа услуга ќе имаат лицата кои живеат сами или со својот брачен другар.

Според извршеното мапирање, евидентираната бројка на стари лица и според извршената селекција на стари лица кои ги исполнуваат условите за користење на услугата, бројот на корисници кои ќе бидат опфатени за користење на услугата дневен центар за стари лица со активно стареење ќе биде минимум 24 до максимум 50 корисници.

Селекцијата е направена врз критериуми на еднаквост, а се исклучени само тешко болните лица и неподвижните и старите лица кои живеат во руралните средини кои се одалечени од дневниот центар, а кои не можат да доаѓаат поради немање на превоз и поради одалеченоста. Сите други лица над 65 годишна возраст без разлика на полот, националната припадност, економскиот и социјалниот статус, можат и ќе ги користат услугите на дневниот центар за активно стареење.

**4. Опис на активностите кои ги предвидува социјалната услуга**

Дневниот центар претставува вонинституционална грижа на стари лица.

Дневните услуги во дневниот центар за активно стареење ќе се даваат со упатување од надлежниот центар за социјална работа или по барање на граѓанин, односно неговиот законски застапник или старател и врз основа на документација која е пропишана во правилникот и исполнување на критериумите за користење на услугата.

Потребата и обемот на дневна услуга се утврдува врз основа на стручна проценка на животната ситуација на лицето преку непосреден увид во домот на лицето и неговото опкружување од страна на стручен работник во центар за социјална работа и сето тоа преку решение за користење на услугата.

Во дневниот центар работното време ќе почнува од 08 до 16 или вкупно 8 часа дневен престој на корисниците.

Во центарот за дневен престој за стари лица услугата се дава најмногу за 24 корисници.

Во случај кога услугата во дневниот центар за дневен престој за стари лица се користи повремено или неколку часа во текот на денот, бројот на корисници може да биде поголем, при што во објектот на центарот не може да има повеќе од 24 корисника истовремено.

Откако корисникот ќе биде примен во дневниот центар за користење на услугата , со корисниците ќе бидат реализирани следниот тип на активности на дневна, неделна и месечна основа:

- **Здравствено превентивни активности**: предавања за здравствена превенција,грижа за ментално здравје, прегледи;
- **Креативни активности**: уметнички и занаетчиски работилници**,** сликарска работилница, работилница за плетење;
- **Активности за социјализација**: шах, карти, домино, читање весници, меѓусебни разговори;
- **Административна поддршка**: пополнување обрасци, аплицирање за банско лекување, пополнување уплатници;
- **Едукативни активности**: предавања на различни општесвено-социолошки теми, курс за работа на компјутер, курс по јазик.;
- **Културни и музички активности**: посета на кино, посета на музеј, пеење и слушање музика.
- **Спортски активности**: пешачење во природа вежби со седење и јаже, играње пинг понг; играње карти, шах,домино.
- **Хуманитарна активности**: базар на ракотворби, собирни акции, продажни изложби на уметнички дела;
- **Активности во природа** : Екскурзии и прошетки, посета на локалитети, прошетки на планина, прошетки низ културни знаменитости, наблудување на природата.

Секоја активност е прилагодена за лица во трета доба. Овие активности ќе се реализираат во просторија од околу 40м2 која вклучува дневен престој со трпезарија опремена со 3 соодветни маси и 12 столчиња, библиотека односно витрина за чување литература и 3 клуб маси со 12 столици за во дневна просторија. Во овој дел од дневниот центар се поставени телевизор и компјутер. Просторот е осветлен со природна светлина а инсталиран е систем за парно греење. Во просторот се поставени закачалка, гардеробер, огласна табла, сандаче по прва помош и сандаче за пошта.
Корисниците ќе имаат на своја употреба чајна кујна од 16 м2 и заеднички простории за комуникација/ходници од 10м2. Кујната е опремена со работна кујна и ормарчиња за складирање кујнски прибор, решо и апарат за кафе. Просторот опфаќа и санитарно хигиенски простории за мажи и жени со предпростор за миење раце од вкупна површина од 8м2. Во ходниците и хигиенските простории се поставени знаци за евакуација и итни излези како и држачи за движење. Севкупниот простор е изработен од нелизгави керамички плочки. Сите врати се со внатрешен отвор од 90цм.

Во дневниот центар услугата ќе биде дадена од страна на 1 социјален работник координатор и двајца асистенти на координаторот со средно образование вработени на пола работно време за кои е предвиден и дел за административна работа т.е. административна просторија од 18м2 опремена со печатач, административен орман, компјутер, работно биро и маса за состаноци фотелја и 4 работни столчиња.
Во рамките на дневнот центар е отворена телефонска линија фиксна и мобилна за контакт со корисници.

Давателот на дневната услуга ќе спроведува евалуација на дадената услуга и проценка на задоволството на корисниците согласно изработен прашалник за нивните законски застапници, односно старатели и други членови на нивното семејство, најмалку еднаш

годишно.
Евалуацијата на дадената дневна услуга се спроведува преку примена на техниките на интервјуирање и анкетирање на корисниците, нивните законски застапници, односно старатели и други членови на нивното семејство.
Извештајот од спроведената евалуација се доставува до Министерството за труд и социјална политика, односно општината, со која давателот на услугата има склучено управен договор, Заводот за социјални дејности и  Центарот за социјална работа, во рок од 30 дена од спроведената евалуација.
-Давателот на дневната услуга ќе  воспостави процедури за поднесување, разгледување и евидентирање на поплаки и претставки од корисниците, нивните законски  застапници, односно старатели.
-Давателот на дневната услуга, има изготвено елаборат за исполнетост на условите за почеток со работа и давање на дневната услуга, согласно нормативите и стандардите предвидени со овој правилник,
- има изготвено  годишна програма за давање на дневната услуга,0

- Ќе се изработи план за унапредување на вештините и знаењата на вработените,
- Ќе обезбеди информации за  пошироката и стручната јавност за услугата која ја дава,
- Ќе го информира корисникот и неговиот законски застапник, односно старател, во однос на делокругот на работа, услугата која се обезбедува и правилата за однесување на стручните лица,
- склучува договор за давање на услугата кога не постапува по решение на центарот за социјална работа,
- води интерна евиденција,
- подготвува месечен извештај во кој е прикажан вкупниот број на корисници по услуга упатени од центарот за социјална работа,
- спроведува евалуација на дадената услуга и проценка на задоволството на корисниците.
- Води евиденција на корисниците како  податоци за корисниците во однос на возраст, пол, образование, етничка припадност, вид на реализирани активности во остварувањето на услугата, припадност на корисничка група согласно Законот за социјалната заштита и овој правилник;податоци за вработените лица во однос на возраст, пол, образование, етничка припадност и други податоци согласно нормативите и стандардите предвидени со овој правилник;
- податоци за услугата која ја обезбедува во однос на квантитет и квалитет.

Локацијата на Центарот за дневен престој на старите лица со активно стареење се наоѓа во центарот на општината односно во општинската зграда на приземје достапно за сите лица над 65 годишна возраст без разлика дали се лица со посебни потреби или лица со инвалидитет. Во близина на оваа локација се наоѓа подрачна единица на здравствениот дом каде што има и дежурна служба отворено 24 часа каде старите лица ќе може да си извршат и прегледи да го посетат матичниот лекар кој се наоѓа во близина на здравствениот дом. Исто така во близина на центаров за дневен престој се наоѓаат маркети, угостителски објекти, полициската станица, основното училиште, гимназијата, достапни со средена патна инфраструктура пристапни и за постарите лица

**5. Соработка со Центарот за социјална работа, локалната самоуправа,здраствени установи и другии институции неопходни за спроведување и давање на социјалната услуга.**

Програмата за давање на услугата дневен центар за стари лица –активно стареење не би можела да се спроведе ако во неа не бидат вклучени сите актери кои се потребни и неопходни за спроведување на програмата за давање на услугата .

Уште од самиот почеток на мапирање на корисниците најголема беше соработката со Центарот за социјална работа и локалната заедница особено таа соработка ќе треба да се интензивира и при проценката и подготовката на корисниците .

Таа соработка ќе се одвива преку редовна меѓусебна партнерска соработка преку постојана комуникација , меѓусебни известувања, средби и состаноци и кординација на активностите преку размена на информации.

Давателот на дневната услуга ќе спроведува евалуација на дадената услуга и проценка на задоволството на корисниците, нивните законски застапници, односно старатели и други членови на нивното семејство, најмалку еднаш годишно.

Евалуацијата на дадената дневна услуга ќе се спроведува преку примена на техниките на интервјуирање и анкетирање на корисниците, нивните законски застапници, односно старатели и други членови на нивното семејство.

Извештајот од спроведената евалуација ќе се доставува до Министерството за труд и социјална политика, односно општината, со која давателот на услугата има склучено управен договор, Заводот за социјални дејности и центарот за социјална работа, во рок од 30 дена од спроведенатана евалуацијата.

За потребите на директното следење на работата и задоволството на корисниците на социјалната услуга ќе бидат предвидени следниве механизми:

- Месечен извештај за работата на дневниот центар

- Месечни извештаи од волонтерите

- Полугодишена евалуација на персоналот

- Кваратален прашалник за задоволството на корисниците од услугата

- Континуиран теренски мониторинг од страна на координаторот за севкупната реализација на услугата.

Со локалната самоуправа Центар Жупа да се прават напори за изнаоѓање на можности за понатамошна одржливост на услугата и изнаоѓање на извори на финансирање на истата и нејзина одржливост, а истовремено да се зајакне соработката со здраствениот сектор, невладини организации, здруженија, донатори и други физички и правни лица кои ќе можат да помогнат во развој на услугата и нејзина одржливост.

**6. Поставени цели за успех на социјалната услуга**

**Главна цел**

- обезбедување на грижа и заштита како и зголемување на нивото на социјализација на старите и изнемоштени лица.

.

**Специфични цели**

- Унапредување на квалитетот на живот, здравјето и психофизичката состојба на старите лица;
- Мапирање на нови лица во трето доба кои имаат потреба од услуги во дневен центар за стари лица;
- Задоволување на здравствени и социјални потреби на старите лица;
- Социјализација и збогатување на степенот на едукација на старите лица;
- Промовирање на активен пристап кон животот во староста;
- Административна, техничка поддршка во процесот на остварување на права од

системот на здравствена и социјална заштита на РМ;
- Промовирање на волонтерство, вклучување на граѓаните во доброволна работа.

**Активности што се исполнети за давање на услугата**

- опремување на просторот согласно стандарди за спроведување на активности во центар за дневен престој за стари лица со активно стареење,
- Дефинирање и креирање на месечна програма за работа со предлог активностиза унапредување и активното стареење;
- Мапирање на стари лица на локално ниво кои имаат потреба од вклучување во програма за активно стареење;
- Подготовка и обука на персонал за работа за давање услуги за стари лица во социјален сервис Центар за дневен престој за стари лица со активно стареење.

**7.Работа во недискриминаторска средина**

Работата во организацијата на Црвен крст како за персоналот така и за корисниците на социјалната услуга предвидуваат почитување на седумте основни принципи на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина односно:
- Хуманост, Непристрасност, Независност, Неутралност, Единство, Доброволна служба и Универзалност.

Оттука, посебно потенцирајќи ја неутралноста, секој корисник има еднаков пристап до услугите на социјалната услуга и хуман третман во секој момент и контакт со лицата со амблем на Црвениот крст.

Давателот на услугата ќе ја дава услугата без дискриминација по раса, пол, религија, мислење или било каква друга лична или социјална околност кое ќе биде наведено во договорите за работа.

Дополнително, Црвениот крст за персоналот налага етички кодекс кој ги обврзува давателите на услуги на етичко недискриминаторско постапување во секоја сфера на делување и категорија како пол, етничка, верска или национална припадност. (прилог)

Со инволвирањето на волонтери кај давателот на услугата во дневниот центар ќе се вклучат волонтери кои би изразиле желба за вклучување каде што старите лица не само што не се изолирани или дискриминирани туку и поттикнати да бидат во хетерогена по возраст околина и да практикуваат меѓугенерациска соработка.

Дневниот центар на територија на општина Центар Жупа предвидува вклучување на старите лица од територија на општината и околината без граници за етничката, верска или национална припадност. Дополнително на сите корисници, Црвен крст на град Дебар ќе им обезбедува материјали на македонски и турски јазик и можност за практикување на мајчиниот јазик при инволвирање во активностите.

**8. Опис на работните задачи /активности кои ги обезбедуваат стручните лица , техничко -помошниот персонал кадар за работа за давање на услугата, согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги .**

Систематизација на работни места/ кадар за работа за давање на услугата предвидено е:

| Р. број | Опис на стручниот кадар | Број |
|---|---|---|
| 1 | Координатор- Социјален работник | 1 |
| 2 | Асистент координатор со средно образование по пола работно време | 2 |
| 3 | Волонтери | 4 |
| 4 | Хигиеничар | 1 |

**Социјален Работник-Координатор** Ја одобрува месечната програма на активности

- Ја координира севкупната работа на дневниот центар
- Спроведува евалуација на вработените
- Ја координира и унапредува соработката со Центарот за социјална работа, МТСП и Општина Центар Жупа.
- Ги ревидира месечните извештаи за работата на дневниот центар и на волонтерите
- Изработува месечен извештај за работата на социјалната услуга и истиот го доставува до Центарот за социјална работа
- Го координира финансиското работење за проектот
- Посетува обуки за надоградба на своето знаење најмалку еднаш годишно
- Се грижи за тимот и тимската работа на давателот на услугата
- Повремено обавува директна комуникација со корисницииите за мониторинг иевалуација на давателите на услугата
- Реализираат месечна проценка со корисниците за нивните потреби од различни типови активности
- ДаваПрва Психолошка Помош и Психосоцијална поддршка на корисниците
- Дава на дневна основа административна поддршка за остварување на правата на корисниците од системот на социјална и здравствена заштита
- Изработуваат квартални евалуации т.е. проценки за задоволството на корисниците од услугата
- Реализираат тековна комуникација со нови и постојани надворешни соработници за спроведување на активностите.

**Асистент координатор**

- Помага во координирањето на севкупната работа на дневниот центар
- Помага и асистира во соработката со Центарот за социјална работа, МТСП и Општина Центар Жупа.
- Посетува обуки за надоградба на своето знаење најмалку еднаш годишно

- Се грижи за тимот и тимската работа на давателот на услугата
- Помага во спроведувањето на директна комуникација со корисницииите за мониторинг иевалуација на давателите на услугата
- Асистира во спороведувањето на месечна проценка со корисниците за нивните потреби одразлични типови активности
- Помага во административна поддршка за остварување на правата на корисниците од системот на социјална и здравствена заштита
- Помага во изработувањето квартални евалуации т.е. проценки за задоволството на корисниците од услугата
- Помага во реализирањето тековна комуникација со нови и постојани надворешни соработници за спроведување на активностите.
- Помага во организирањето на секојдневните активности за функционирање на дневниот центар.
- Помага во одржувањето на дневниот центар за непречено функционирање во отсуство на лицето за одржување на објектот.
- Работи во чајната кујна и ги послужува корисниците со чај, кафе и др.
- И врши други надлежности дадени од страна на координаторот.

**Волонтери**

- Директно се вклучени во имплементација на сите активности на дневен центар за стари лица најмалку 2 пати неделно
- Изработуваат месечен извештај и го доставуваат до координаторите
- Даваат поддршка во активности за унапредување и промоција на социјалната услуга и волонтеризмот
- Посетуваат тренинзи најмалку еднаш годишно за надоградба на своето знаење.

**9. Опис на внатрешните процедури за мониторинг и евалуација на социјалната услуга и проценка на задоволството на корисниците**

Заради постигнување на квалитет на нашето работење и висок квалитет на испорачаната услуга врз основа на на внатрешни документи, протоколи и стандардизирани инструменти и преку воспоставување на систем на редовни проценки ќе се прави мониторинг и евалуација на социјалната услуга и проценка на задоволството на корисниците.

Давателот на дневната услуга спроведува евалуација на дадената услуга и проценка на задоволството на корисниците, нивните законски застапници, односно старатели и други членови на нивното семејство, најмалку еднаш годишно.

Евалуацијата на дадената дневна услуга се спроведува преку примена на техниките на интервјуирање и анкетирање на корисниците, нивните законски застапници, односно старатели и други членови на нивното семејство.

Извештајот од спроведената евалуација се доставува до Министерството за труд и социјална политика, односно општината, со која давателот на услугата има склучено управен договор, Заводот за социјални дејности и Центарот за социјална работа, во рок од 30 дена од спроведенатана евалуацијата.

Давателот на дневната услуга има воспоставено процедури за поднесување, разгледување и евидентирање на поплаки и претставки од корисниците, нивните законски застапници, односно старатели.За потребите на директното следење на работата и задоволството на корисницитесоцијалната услуга во рамките на Црвен крст Дебар се предвидуваат следните механизми:

- Месечен извештај за работата на дневниот центар ( прилог)

- Месечни извештаи од волонтерите (прилог)

- Полугодишна евалуација на персоналот(прилог)

- Кваратален прашалник за задоволството на корисниците од услугата и(прилог)

- Континуиран теренски мониторинг од страна на координаторот за севкупната реализација на услугата.

Дебар 19,06, 2023 год .

Одговорно лице
Исни Телќиу- Секретар